**20221231699**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз  основа на член 102 став 2 од Законот за развој, производство и промет на воени стоки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 298/21) министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИНСПЕКТОРИТЕ  НА УПРАВАТА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата како и начинот на издавање и одземање на легитимацијата на инспекторите на Управата за наменско производство.

Член 2

Образецот на легитимацијата (во натамошниот текст: образецот) е изработен од 300 грамска хартија, во бела боја, а се печати во црно бела боја со димензии 6.5 x 9.0 см на еден лист, сместен во дводелен кожен повез со црна боја.

Образецот е пластифициран со 120 микронски мат пластификат и се става во прозирен пластичен џеб во првиот дел од кожниот повез.

Предната страна на образецот  во горниот дел го содржи следниот текст: "Република Северна Македонија; Министерство за економија; легитимација и инспектор на Управата за наменско производство".

Во средината има место за фотографија со димензии 2,5 x 3,0 см, а под неа место за впишување податоци за името и презимето на инспекторот и регистарски број, место за потпис на министерот за економија и место за печат.

Задната страна на образецот е со отпечатен симболот на Управата за наменско производство под кој се впишува датумот и местото на раѓање, живеалиште, датум на издавање на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на носителот на легитимацијата.

На вториот дел од кожниот повез е сместен метален амблем изработен од месинг или сличен метал со бронзено-златна боја, рељефно обработен со вдлабнување и испакнување со димензии 50/60/30 мм.

Вдлабнатите делови се додатно рустично дообработени за да се потенцира испакнувањето кое е мазно.

Амблемот во себе ги содржи симболите: стилизирано сонце; текстот: Управа за наменско производство; иницијалите "УНП"  и иницијалите на Република Северна Македонија "РСМ".

Формата на амблемот е елипса пресечена во долниот  дел на кој е втиснат бројот на значката.

Кожниот повез е изработен од мазна дупло штемпована и додатно укрутена кожа со црна боја, се состои од два дела со димензии 80x100 мм.

Во првиот дел од кожниот повез од внатрешната страна има изработено пластичен џеб за образецот на легитимацијата, а на вториот дел на кожната основа е вметнат амблемот.

Кожниот повез кога е склопен е со димензии 80/100 мм, а на предната страна на кожниот повез е втиснат сувиот жиг на амблемот.

Формата и содржината на легитимацијата на инспекторите на Управата за наменско производство се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Легитимацијата се издава на лицето додека лицето има службено својство на инспектор на Управата за наменско производство, а по престанокот на својството инспектор на Управата за наменско производство, истиот ја враќа легитимацијата во Министерството за економија.

Член 4

На инспекторот на Управата за наменско производство му се издава нова легитимација во случај доколку истата ја изгуби и откако претходно ќе ја огласи за неважечка.

Член 5

На инспекторот на Управата за наменско производство му се издава нова легитимација во случај кога поради оштетување или дотраеност истата ќе стане неупотреблива или кога носителот на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

Член 6

На инспекторот на Управата за наменско производство со статус на инспектор на кој ќе му престане работниот однос во Управата или ќе биде распределен на работно место кое не е утврдено со статус на инспектор  му се одзема легитимацијата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-96/1
27 мај 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

Прилог

Образец на легитимацијата на инспектор на Управата за наменско производство

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**

**ИНСПЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО**

Фото
2,5 x 3,0cm

____________________________
Име и презиме на инспекторот

-------------
Регистерски број

М.П.

------------------
**Министер**

_______________________________

**Датум на раѓање**__________________
_______________________________
**Место**___________________________
_______________________________
**Живеалиште**____________________
_______________________________
**Издадена на** ____________________
_______________________________
**Регистерски број**________________
_______________________________
**Крвна група**_____________________
_______________________________